Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата

Архивски број 22-1761/3

05-04-2023

Скопје

Врз основа на член 22 став 1 и став 2 од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.19/23), главниот инспектор донесе

# РЕШЕНИЕ

Кривичната пријава за сторени кривични дела и корупција против Градоначалникот на Општина Чашка, Горан Стојановски од Чашка, наш бр.22-1761/1 од 06.03.2023 година, поднесена од анонимни подносители до Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средства, **СЕ ОТФРЛА**.

## Образложение

На ден 06.03.2023 година до Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средства, од анонимни подносители доставена е Кривична пријава за сторени кривични дела и корупција против Градоначалникот на Општина Чашка, Горан Стојановски од Чашка, наш бр.22-1761/1, во која се изнесени наводи за сторени кривични дела и коруптивно и самоволно однесување на Градоначалникот на Општина Чашка - Горан Стојановски од Чашка и негови соработници.

Финансиската инспекција ја разгледа доставената анонимна пријава и констатира дека истата не е поткрепена со докази, односно во прилог на пријавата не е доставен ниту еден доказ.

Согласно член 21 став 1 од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор: „Финансиската инспекција се спроведува по поднесени пријави во хартиена форма од физички лица, раководни лица или вработени во субјектите на финансиската инспекција и правни лица поткрепени со докази и/или со наводи за постоење основано сомнение за сторена неправилност, недостаток и/или сомневање за кривично дело во финансиското управување со јавните средства и со средствата на ЕУ фондовите, како и по пријава од Одделението за координација на борба против измами на ЕУ средства (АФКОС), кое постапува по барање на Европската канцеларија за борба против измами (OLAF-Office Europeen de Lutte Anti-Fraude), кај субјектите на финансиската инспекција."

Согласно член 22 став 1 од истиот Закон, финансискиот инспектор нема да постапи по пријавата за финансиска инспекција доколку истата не е поткрепена со докази и/или не содржи наводи за постоење основано сомнение за сторена неправилност, недостаток и/или сомневање за кривично дело во финансиското управување со јавните средства, како и со средствата на ЕУ фондовите кај субјектите на финансиската инспекција или ако постојат други околности кои го оневозможуваат вршењето на финансиската инспекција. Согласно став 2 од истиот член, во случаите од ставот 1 на овој член, главниот инспектор донесува решение за отфрлање на пријавата во рок од десет дена од денот на приемот на пријавата и истото се доставува до подносителот на пријавата во хартиена форма, најдоцна во рок од пет дена од денот на неговото донесување. Согласно став 3 од истиот член, решението за отфрлање анонимна пријава за финансиска инспекција во рок од десет дена од денот приемот на пријавата се објавува на веб-страница на Министерството за финансии, а по истекот на 15 дена од денот на објавата, се смета дека подносителот е уредно известен.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 22 став 1 и став 2 од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на доставување.

Раководител на сектор -
Главен инспектор
м-р Татјана Трајковска

Изработил: Нехат Топојани
Проверил: м-р Николина Алексовска

Доставено до:
- Подносител со објава на веб страната на Министерство за финансии
- Архива